Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

од Сто шеесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 јуни 2023 година

Скопје, јуни 2023 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто шеесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 јуни 2023 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија, што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 9:10 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар во Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и м-р Назим Буши заменик на министерот за внатрешни работи, Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, д-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика и д-р Христина Оџаклиевска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата учествуваше и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Кернар Лога, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација за потребата од доставување на барање до Европската банка за обнова и развој – ЕБОР за промена на Програмата на ЕБОР за Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје и за преструктурирање на македонскиот сектор за електрична енергија, со прилог

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од доставување на барање до Европската банка за обнова и развој – ЕБОР за промена на Програмата на ЕБОР за Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје и за преструктурирање на македонскиот сектор за електрична енергија, со прилог и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Барањето до Европската банка за обнова и развој - ЕБОР за промена на Програмата на ЕБОР за Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје и за преструктуирање на македонскиот сектор за електрична енергија.

2. Се овластува м-р Крешник Бектеши, министер за економија, да го потпише Барањето до Европската банка за обнова и развој - ЕБОР за промена на Програмата на ЕБОР за Акционерското друштво за производство на електрична енергија

Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје и за преструктуирање на македонскиот сектор за електрична енергија.

## Точка 2

По оваа точка немаше предлози.

## Точка 3

1.Владата по повод официјалната посета на д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, на 28 и 29 јуни 2023 година, на Берлин, Сојузна Република Германија, а со цел проследување на активностите од страна на претставниците на македонските медиуми поврзани со официјалната посета, ги донесе следните заклучоци:

1.) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да ја информира Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, за бројката на претставниците на медиумите кои ќе патуваат во Берлин.

2.) Се задолжуваат Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги поделат меѓусебно трошоците за превоз и сместување на претставниците на медиумите кои ќе патуваат и ќе присуствуваат на официјалната посета на Берлин.

3.) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди преведувач за потребите на официјалната посета.

*

*　　*

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 9.15 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**dr.Artan Grubi**